# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПшТИНА РАДОВИш

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ *Излегува по потреба* | 09.10.2025 Четврток/ Септември 2025 година Број **17/2025** година | **Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486** |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Решението за избор на Комисија за верификација на мандат на член на Советот на општина Радовиш**

Го прогласувам и објавувам Решението за избор на Комисија за верификација на мандат на член на Советот на општина Радовиш, бр.08-1250/1,

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 09.10.2025 година.

Број 09-1250/2 Градоначалник
Дата 09.10.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов *с.р.*

Врз основа на чл. 37 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), а согласно чл. 7 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на **LXXIII** седница одржана на 09.10.2025 година , донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Комисија за верификација на мандат на член на Советот на општина Радовиш**

I.

Комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Радовиш е во состав:

**1. Зорка Христова Тајкова - претседател**
**2. Енис Омер - член**
**3. Каролина Ристова - член**

II.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1250/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 09.10.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов ***Digitally signed***

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Решението за верификација на мандат на член на Совет на општина Радовиш**

Го прогласувам и објавувам Решението за верификација на мандат на член на Совет на општина Радовиш, бр.08-1251/1,

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 09.10.2025 година.

Број 09-1251/2 Градоначалник
Дата 09.10.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов *с.р.*

Врз основа на чл. 37 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), а согласно чл. 7 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, по добиено Известување од ОИК Радовиш бр.11-164/4 од 07.10.2025 година, наш бр.08-1082/15 од 07.10.2025 година

Советот на општина Радовиш на **LXXIII** седница одржана на 09.10.2025 година , донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за верификација на мандат на член на Совет на општина Радовиш**

**Член 1**

Се верифицира мандатот на член на Совет на општина Радовиш:

**СВЕТЛАНА ВАСИЛЕВА**
**од ЛИСТАТА НА ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА„ОБНОВА ЗА МАКЕДОНИЈА"**

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Радовиш".

Број 08-1251/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 09.10.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов ***Digitally signed***

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на општина Радовиш донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност за бришење на корисничко право**

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност за бришење на корисничко право на градежно земјиште заведено под УП.бр.30-27 од 22.08.2025 година на 165 катастерски парцели Евидентирани во Имотен Лист бр.3 КО Горна Враштица на кои корисничко право има запишана на Општина Радовиш, бр.08-1252/1,

што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 09.10.2025 година.

Број 09-1252/2 Градоначалник
Дата 09.10.2025 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов ***с.р.***

Врз основа на чл. 37 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), а согласно чл. 7 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, по Известување од Министерстви за финансии, Управа за имотно-правни работи, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Радовиш УП.бр. 30-27 од 29.09.2025 година, примено 09-1232/1 од 01.10.2025 година;

Советот на општина Радовиш на **LXXIII** седница одржана на 09.10.2025 година , донесе:

**О Д Л У К А**
**за согласност за бришење на корисничко право**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Радовиш дава согласност за бришење на корисничко право на градежно земјиште заведено под УП.бр.30-27 од 22.08.2025 година на 165 катастерски парцели Евидентирани во Имотен Лист бр.3 КО Горна Враштица на кои корисничко право има запишана на Општина Радовиш.

**Член 2**

Се задолжува општина Радовиш Одлуката за давање согласност за бришење на корисничко право да се достави до Министерство за финансии, Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка Радовиш.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на општина Радовиш”.

Број 08-1252/1 Совет на Општина Радовиш
Дата 09.10.2025 г. Претседател
Радовиш Страхил Гавритов ***Digitally signed***

**С О Д Р Ж И Н А:**

**Р Е Ш Е Н И Е за прогласување и објавување на Решението за избор на Комисија за верификација на мандат на член на Советот на општина Радовиш....................................................................................................................................1**

**Решение за избор на Комисија за верификација на мандат на член на Советот на општина Радовиш......................1**

**Р Е Ш Е Н И Е за прогласување и објавување на Решението за верификација на мандат на член на Совет на општина Радовиш..............................................................................................................................................................1**

**Решение.... за верификација на мандат на член на Совет на општина Радовиш..................................................................2**

**Р Е Ш Е Н И Е за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност за бришење на корисничко право.........................................................................................................................................................................2**

**Одлука за давање согласност за бришење на корисничко право...............................................................................2**